There are no translations available.




Во рамките на програмата за одбележување на празникот на градот 8ми Ноември и оваа година Општина Неготино ќе го организира турнирот во табла “Неготино опен 2017”, кој ќе се одржи од 6 до 8 ноември во просторот над обложувалницата “Марбет” во старата градска чаршија. Право на учество имаат сите заинтересирани граѓани од општина Неготино. Наградниот фонд за најдобрите учесници на овој настан изнесува 15.000 денари, односно 8.000 денари за освоено прво место, 5.000 денари за второ и 2.000 денари за освоено трето место. Пријавувањето ќа се врши на e-mail: aleksandar.donov@negotino.gov.mk, моб.телефон 072/320-842 или директно во кафе-бар JOKO и берберница KOKO. Бројот на учесници на турнирот е ограничен на 64, а учеството на истиот е бесплатно. Отварањето на турнирот и одигрувањето на првото коло од истиот се закажани за 6 ноември во 17.00 часот.

